**Средно училиште на Град Скопје**

***„Димитар Влахов“***

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## за работа на училиштето во учебните 2022/23 и 2023/24



**Скопје, 2024 год.**

**С О Д Р Ж И Н А**


Лична карта ........................................ 4

Училишна комисија за самоевалуација ........................................ 5

Извори и средства користени за самоевалуација ........................................ 6

Подрачје 1: Наставни планови и програми ........................................ 8

1.1. Реализација на наставните планови и програми ........................................ 9

1.2. Квалитет на наставните програми ........................................ 11

1.3. Воннаставни активности ........................................ 12

Подрачје 2: Постигнувања на учениците ........................................ 20

2.1. Постигнувања на учениците ........................................ 21

2.2. Задржување / осипување на учениците ........................................ 27

2.3. Повторување на учениците ........................................ 30

Подрачје 3: Учење и настава ........................................ 39

3.1. Планирање на наставниците ........................................ 40

3.2. Наставен процес ........................................ 42

3.3. Искуства на учениците од учењето ........................................ 44

3.4. Задоволување на потребите на учениците ........................................ 46

3.5. Оценувањето како дел од наставата ........................................ 47

3.6. Известување за напредокот на учениците ........................................ 48

Подрачје 4: Поддршка на учениците ........................................ 61

4.1. Севкупна грижа за учениците ........................................ 62

4.2. Здравје ........................................ 66

4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ............. 67

4.4. Следење на напредокот ........................................ 68

Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето ........................................ 81

5.1. Училишна клима и односи во училиштето ........................................ 82

5.2. Промовирање на постигнувањата ........................................ 85

5.3. Еднаквост и правичност ........................................ 86

5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница ... 88

Подрачје 6: Ресурси .......................................................................................... 98
6.1. Сместување и просторни капацитети ........................................................ 99
6.2. Наставни средства и материјали ................................................................ 102
6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар .......................................... 104
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар ................................ 106
6.5. Финансиско работење на училиштето ........................................................ 128

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политика .............................. 141
7.1. Управување и раководење со училиштето ................................................ 142
7.2. Цели и креирање на училишната политика ................................................ 144
Резиме од извршена самоевалуација .......................................................................... 154
Идни активности .......................................................................................................... 162

# Л И Ч Н А   К А Р Т А

| | |
|---|---|
| Име на училиште: | СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје |
| Вид на училиште: | Средно стручно училиште |
| Основач на училиштето: | Град Скопје |
| Наставен јазик: | Македонски – Албански – Турски |
| Број на ученици: | 448 (234 женски и 214 машки) |
| Број на вработени: | 72 (47 женски и 25 машки) |
| Директор на училиштето: | Јасминка Гудоманова |
| Претседател на училишниот одбор: | Елизабета Стојановска |
| Адреса на училиштето: | ул. „III Македонска Бригада“ бр.22 |
| Тел./Факс: | (02) 2464 - 590 / (02) 2462 - 733 |
| Е-маил : | sugsdimitarvlahov@yahoo.com |

Изјава за мисија:

Оспособуваме кадри, социјализирани, емоционално зрели личности и подготвени да промовираат етничка интеграција и да одговорат на современите професионални предизвици.

Изјава за визија:

Учениците да веруваат дека моќта на учењето и знаењето ќе им помогне да ја изградат својата иднина во интегрирано мултикултурно општество.

## УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Претседател - координатор:** Јасминка Гудоманова

Заменик претседател: Соња Кузмановска

**Членови:**
Џејљан Алији
Сања Атанасовски
Дурим Зеќири
Маја Денковска
Афрдита Лита
Александар Аврамовски
Татјана Домазетова

## РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ПОДРАЧЈА

1. **Наставни планови и програми**
   Џејљан Алији
   Аршик Мифтари
   Марија Џолева

2. **Постигнувања на учениците**
   Сања Атанасовски
   Филип Јовановски
   Илире Мисини

3. **Учење и настава**
   Дурим Зеќири
   Блерим Касуми
   Сибел Еминовска

4. **Поддршка на учениците**
   Маја Денковска
   Слаѓана Јаневска
   Аида Даут

5. **Училишна клима и односи во училиштето**
   Афрдита Лита
   Ваљбона Кадриу
   Теодора Донакова

6. **Ресурси**
   Александар Аврамовски
   Елена Савева
   Назиме Зулбеари Ајредини

7. **Управување, раководење и креирање политика**
   Татјана Домазетова
   Силвана Ацева
   Елена Стојановска

Комисијата се состана повеќе пати, а сè со цел да се направи самоевалуација која ќе ја отслика вистинската состојба.

## ИЗВОРИ И СРЕДСТВА КОРИСТЕНИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

- Статут на училиште;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Интерни акти/кодекси на училиштето;
- Правилник за организација и систематизација на работата и работните места;
- Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето;
- Програма за работа на директор и стручна служба;
- Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;
- Наставни планови и програми донесени од МОН;
- Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците;
- Документација за добиени спонзорства и донации;
- Документацијата на училиштето за набавување на стручна литература, наставни помагала,планирани и набавени потрошни материјали;
- Библиотечната евиденција;
- Листи од спроведени интерни обуки;
- Професионални досиеја на вработените;
- Инструмент  за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час на планирањето на наставниците;
- Извештаи од увид на часови од страна на стучна служба на училиштето и ДПИ;
- Полугодишен и годишен извештај;
- Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници и др.);
- Записници од просветна и санитарна инспекција;
- Планирања на наставниците;
- Педагошка евиденција и документација;
- Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците;
- Инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи, досиеја на ученици);
- Резултати од интерни и екстерни оценувања;
- Распоред на часови;
- Програма за работа на ученичката заедница;
- Паноа со пофалби, награди, дипломи, признанија од учество на манифестации и натпревари;
- Медиумско промовирање на постигањата на учениците;
- Записници од: наставнички совет, стручни активи, училишен одбор, совет на родителии и локална самоуправа;
- Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето;
- Записници од надлежни органи за контрола на хигеиената и здравјето на учениците;

- Анкети со директор, стручна служба, наставници, родители и ученици;
- Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници, родители и ученици;
- Увид во документација на училиштето.

Работните тимови од училиштето извршија внатрешна самоевалуација, односно оценување на работата на СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје, за период од 2022 година до 2024 година. За потребите на самоевалуацијата се земени предвид согледувањата на наставниците и другите вработени во училиштето. Во текот на работата, тимовите имаа средби и разговори со вработените, извршија проверка на потребната документација. Освен тоа беа спроведени и анкети со ученици, наставници и родители за да се утврди и нивното мислење во врска со спроведувањето на наставата, видот на наставните содржини, начинот на нивното презентирање и др.

Самоевалуацијата се изврши врз основа на добиените вредности од Интегралната евалуација на Државниот просветен инспекторат, реализиреана во изминатите години. Предвид е замена и Програмата за развој на училиштето. Целта на самоевалуацијата беше да се согледа целокупната состојба за работата на училиштето, да се детектираат слабите и јаки страни од сите седум подрачја кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето:

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

## Наставни планови и програми

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**1. Реализација на наставните планови и програми**

**2. Вонаставни активности**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 1. | Наставни планови и програми | | |
| 1.1. | Реализација на наставните планови и програми | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Наставни планови и програми од МОН;<br>• Годишна програма за работа за 2022/23 и 2023/24;<br>• Глобални и тематски планирања на наставниците;<br>• Оперативни планирања за час на наставниците;<br>• Е-дневници;<br>• Записници од состаноци на<br>• Совет на родители;<br>• Записници од стручни активи;<br>• Интервју со стручен соработник;<br>• Анкети со наставници, ученици и родители. | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми | • Наставни планови и програми кои се применуваат во нашето училиште се во согласност со програмски документи од БРО и ЦСОО, а одобрени од МОН. Наставниците редовно изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања по сите наставни предмети вклучувајќи и програма за додатна, дополнителна, програма со МИО, ЕКО и ИКТ содржини, како и програма за личен и професионален развој. Тие целосно се реализираат во согласно наставниот план за средно образование и наставни планови и програми.<br>• Наставните планови и програми успешно се реализираат и покрај непостоењето на учебници за III степен,како и кај новите реформирани модуларни програми. Сепак професорите се трудат на секој начин да им го олеснат процесот на учење на учениците применувајќи исто така учебници кои се одобрени од страна на МОН.<br>• Новите реформи кои се воведоа во четиригодишното образование училиштето успева да ги информира родителите и учениците за целите на наставните планови и програми, а тоа се врши преку родителски средби кои се одржуваат во утврдени термини. На почетокот на учебната година наставниците ги претставуваат и образложуваат наставните планови и програми според кои ќе се одвива наставата. Веб сајтот на нашето училиште и огласните табли, се исто така начини за информирање на родителите за имплементацијата на програмата. Исто така направени се online групи како со родителите , така и со учениците за полесна и побрза комуникација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Наставниците ги информираат учениците за наставниот план и содржини кои ќе се изучуваат на почетокот на учебната година за секој предмет поединечно.<br>• Во училиштето има регистрирани 13 деца со посебни образовни потреби. Тие се вклучени во наставниот процес, со изјави од родители дека ќе следат редовна настава освен еден ученик. Училиштето работи исто така и со внатрешно детектирани ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава. Училиштето нуди изборни предмети за четирите струки во четиригодишно образование. Во учебната 2022/2023 и 2023/24 сите паралелки се реформирани.<br>• Според наставниот план и програма на ЦСОО и БРО се нудат изборни предмети:<br>  • Прехранбен техничар има избор од 5 изборни модули од кои изборот на предметот во трета година го условува изборот на предметот во четврта година со тоа заокружува еден модул;<br>  • Техничар за козметичка нега и убавина од 4 изборни модули од кои изборот на предметот во трета година го условува изборот на предметот во четврта година со тоа заокружува еден модул;<br>  • Графички уредник-дизајнер 5 изборни модули од кои изборот на предметот во трета година го условува изборот на предметот во четврта година со тоа заокружува еден модул.<br>• Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители. Изборот се врши со писмено изјаснување со изјава и потпис на родителите како и на учениците. Бидејќи постојат и паралелки со помал број на ученици не постои можност за формирање групи за сите понудени изборни предмети, па изборот на учениците е ограничен.<br>• Кај тригодишно образование нема изборни предмети и истите не се предвидени во наставните планови. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Училиштето нуди содржини програмирани од училиште, за учениците од четиригодишно образование, во согласност со наставниот план.<br>• Учениците исто се вклучени во планирање на активностите за реализација на истите, а се во согласност со наставните програми.<br>• Во училиштето се реализира додатна настава за учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари.<br>• Дополнителната настава си ја планира секој наставник самостојно по својот предмет и ја реализира со учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година при што секој наставник задолжително прави распоред кој се истакнува на огласна табла со кој ги запознава учениците за времето и терминот за одржување на истите. |

| **1.2.** | **Квалитет на наставните програми** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Наставни планови и програми донесени од МОН;<br>• Самоевалуација на училиштето;<br>• Годишна програма за работа на училиштето 2022/23 и 2023/24;<br>• Тематски/тематско планирања на наставниците;<br>• Нормативни акти на училиштето; стручни упатства и насоките за операционализација на наставните планови и програми; | • Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | • Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.<br>• Постојат примери за интегрирање на особеностите и потребите на локалната средина во содржините кои се наменети за практичниот дел од наставата Учење преку работа кај работодавач. |

| | | |
|---|---|---|
| • Педагошка евиденција и документација;<br>• Анкети со наставници, родители и ученици;<br>• Програма и извештај за работа за деца со ПОП на училишниот инклузивен тим;<br>• Програма и извештај за МИО активности;<br>• Записници од училишниот одбор, инклузивниот тим, советот на родитродители и стручните органи на училиучилиштето;<br>• Записниците од претходните инспекциски надзори;<br>• Формулар за следење на часови | • Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми | • Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки.<br>• Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните и/или воведување нови струки и образовни профили врз основа на барања од родители, наставници и согледаните потреби на локалната средина и пазарот на трудот до МОН, Бирото за развој на образованието (БРО) и/или до Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО). |

| **1.3.** | **Воннаставни активности** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Годишна програма за работа 2022/23 и 2023/24;<br>• Програми за дополнителна настава и за други воннаставни активности;<br>• Извештај од реализирани екскурзии;<br>• Извештај од реализирани воннаставни активности за 2022/23 и 2023/24;<br>• Педагошка евиденција и документација; | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку | • Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Нашето училиште реализираа настава на 3 наставни јазици и тоа македноски, албански и турски јазик, воннаставните активности ги реализираме со хетерогени групи ученици.<br>• Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во |

| | | |
|---|---|---|
| • Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>• Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>• Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>• Список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците,<br>• Објави на активности на веб страна и социјалните мрежи;<br>• Записници од работата на ТУИ (записници од МИО и Инклузивниот тим). | воннаставните активности | образованието и младинско учество. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби.<br>• Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор низ транспарентна процедура. Препораките на наставниците и тековните активности во соработка со различни заедници се одлучувачки во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите.<br>• Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско,регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и самостојно преземаат и давaат предлози за реализација на активности од нивен интерес преку младинска организација младински иницијативи. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр., интернет-страница, социјални мрежи, ученичко заедница и кариерен центар и сл.) и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето и со партнерското училиште. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>1. Џејљан Алији<br>2. Марија Џолева<br>3. Аршик Мифтари | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 121 ученици од сите образовни години (македонци 70, албанци 45,турци 6; машки 72 и женски 49). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето “***На самиот почеток на учебната година се запознаени, со наставните планови и програми за секој предмет пооделно од страна на наставниците”*** одговориле: 76% се согласувам, 20% делумно се согласувам, 4% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***”Наставните планови и програми се реализираат користејќи разни форми и методи”*** одговориле: 67% се согласувам, 31% делумно се согласувам, 2% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***“Училиштето во голема мера го почитува правото за избор на изборни наставните предмети земајќи ги во предвид нивната заинтересираност и потреба”*** одговориле: 66% се согласувам, 23% делумно се согласувам, 11% делумно се согласувам.<br><br>На прашањето “**Наставните планови и програми по наставни предмети за потребите на меѓуетничка интеграција на учениците – МИО придонесуваат подобра меѓуетничка поврзаност и разбирање**” одговориле: 69% се согласувам, 23% делумно се согласувам, 8% не се согласувам.<br><br>На прашањето ”**Воннаставите активности овозможуваат личен, социо-емоционален и психолошки развој**” одговориле: 65% се согласувам,26% делумно се согласувам, 9% не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето **“Учениците се запознаени за сите секции во училиштето во кои може слободно да учествуваат во зависност од нивните интереси и потреби”** одговориле: 65% се согласувам, 27% делумно се согласувам, 8% не се согласувам.<br><br>На прашањето **“Учениците се запознаени со активностите кои се реализираат надвор од училиштето во кои се вклучени и учениците”** одговориле: 65% се согласувам, 26% делумно се согласувам, 9% не се согласувам. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>1. Џејљан Алији<br>2. Марија Џолева<br>3. Аршик Мифтари | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 86 родители (македонци 50, албанци 30, турци 6; машки 52 и женски 34). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***“Класните раководители ги запознаваат родителите со содржините и целите на наставната програма за време на родителските средби”*** одговориле: 83% се согласувам, 16% делумно се согласувам, 1% не се согласувам.<br><br>На прашањето “***Наставните програми од Инклузивниот тим се приспособуваат според потребите, потенцијалот и способностите на ученикот”***одговориле: 72% се согласувам, 26% делумно се согласувам, 2% не се согласувам.<br><br>На прашањето***” Се почитува правото на избор на изборни предмети земајќи ги во предвид нивната заинтересираност*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***и потреба”*** одговориле: 72% се согласувам, 20% делумно се согласувам, 8% не се согласувам.<br><br>На прашањето **“Родителите се запознаени за сите секции во училиштето во кои може слободно да учествуваат учениците во зависност од нивните интереси и потреби**” одговориле: 72% се согласувам, 24% делумно се согласувам, 4% не се согласувам.<br><br>На прашањето “**Родителите се запознаени со активностите кои се реализираат надвор од училиштето во кои се вклучени и учениците (вonнаставни активности)”** одговориле: 86% се согласувам, 8% делумно се согласувам, 6% не се согласувам.<br><br>На прашањето “Воннаставите активности овозможуваат личен, социо-***емоционален и психолошки развој на учениците”*** одговориле: 77% се согласувам, 21% делумно се согласувам, 2% не се согласувам. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за наставници** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>1. Џејљан Алији<br>2. Марија Џолева<br>3. Аршик Мифтари | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 50 наставници (македонци 32, албанци 17, турци 1; машки 19 и женски 31). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***“Наставниците ги прилагодуваат содржините на ниво на знаење на учениците”*** одговориле: 78% се согласувам, 22% делумно се согласувам, 0% не се согласувам.<br><br>На прашањето “***Наставните планови и програми се реализираат користејќи разни форми и методи”*** одговориле: |

| | | |
|---|---|---|
| | | 74% се согласувам, 26% делумно се согласувам, 0% не се согласувам<br><br>На прашањето ***“Наставниците целосно ги реализираат наставните програми имајќи разбирање за сите проблеми и потешкотии со кои се среќаваат”*** одговориле: 68% се согласувам, 30% делумно се согласувам, 2% не се согласувам.<br><br>На прашањето “***Се прилагодуваат наставните планови и програми по наставни предмети за потребите на меѓуетничка интеграција на учениците –МИО”*** одговориле: 70% се согласувам, 28% делумно се согласувам, 2% не се согласувам.<br><br>На прашањето***” Училиштето во голема мера го почитува правото за избор на изборни наставни предмети според заинтересираноста на учениците”*** одговориле: 66% се согласувам, 30% делумно се согласувам, 4% не се согласувам.<br><br>На прашањето ”***Вonнаставите активности овозможуваат личен,социо-емоционален и психолошки развој на учениците”*** одговориле: 76% се согласувам, 22% делумно се согласувам, 2% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***“Се изготвуваат наставни програми за Учење Преку Работа во согласност со потребите на пазарот на трудот, квалификацијата и возраста на ученикот од страна на наставниците и работодавачите”*** одговориле: 76% се согласувам, 20% делумно се согласувам, 4% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***“Се приспособуваат и изработуваат наставните програми од Инклузивниот тим според концепцијата за инклузивно образование и потребите на*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***ученикот”*** одговориле: 62% се согласувам, 36% делумно се согласувам, 2% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***“Наставниците се вклучени во воннаставни активности кои придонесуваат за афирмација на учениците и училиштето”*** одговориле: 82% се согласувам, 18% делумно се согласувам, 0% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***“Програмите за слободни часови се изготвуваат од работна група на наставници, а содржините од овие програми треба да ги задоволат потребите на учениците, родителите, локалната заедница и работодавачите”*** одговориле: 74% се согласувам, 22% делумно се согласувам, 4% не се согласувам. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Запознавање на учениците и родителите со наставната програма;
- Почитување на родовата и етничка рамноправност;
- Вклучување на училиштето во активности во соработка со локална и други заедници кои придонесуваат за афирмација на училиштето и дополнително развивање на способности и вештини на учениците;
- Користењето техники и методи за реализација на наставата;
- Приспособување и изработување наставни програми од Инклузивниот тим според концепцијата за инклузивно образование и потребите на ученикот;
- Изготвување наставни програми за Учење преку работа во согласност со потребите на пазарот на трудот, квалификацијата и возраста на ученикот од страна на наставниците и работодавачите.

**Слаби страни**

- Мал број ученици покажуваат интерес за членство во секциите во училиштето.

**Анализа на резултатите:**

Од направената анализа може да се констатира дека:

- Од прегледаните документи и информациите добиени преку анкети се гледа дека наставните планови и програми кои се реализираат во нашето училиште се одобрени од МОН. Наставниците имаат интегративен пристап, при реализација на наставните планови и програми со цел да се избегне преклопување на одредени содржини. За поуспешна реализација на наставните програми, еден дел од наставниците одбираат форми и методи на работа со ученици со различни способности. Со тоа се овозможува и индивидуален развој на учениците. Наставниците имаат современ приод во реализирање наставата и се обучени за примена на современи наставни методи. Постои желба и интерес кај наставниците за понатамошно професионално усовршување. Голем дел од наставниците вградуваат меѓупредметни цели во реализацијата на наставните програми. Училиштето нуди изборни предмети за учениците за кои е тоа предвидено со наставниот план. Наставниците се вклучени во организација и реализација на воннаставни активности со кои се афирмира училиштето и се овозможува афирмација на учениците и нивен развој.
- Во училиштето нема појави на полова и етничка нерамноправност. Во училиштето има институционално регистрирани деца со посебни образовни потреби. Училиштето работи со внатрешно детектирани ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава и по прилагодени наставни планови и програми (со писмена согласност од родител) . Во работата со овие деца пристапот на наставниците е индивидуален. Треба да се подобри информираноста на родителите и да се зголеми нивниот интерес за наставниот процес, како би се делувало на подобрување на успехот на учениците. Учениците и родителите се информирани за наставните планови и програми , но не покажуваат иницијатива за промена на истите. За наставата, сметаат дека е прилагодена на потребите на учениците со различни способности. Во училиштето и во наставните програми нема примери за полова и етничка нерамноправност. Во воннаставните активности се вклучуваат ученици по сопствен избор, а врз основа на способности, вештини, умеења и афинитети, при што се запазува половата и етничката рамноправност. Родителите сметаат дека училиштето е отворено за соработка и се задоволни од истата.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Поттикнување за запишување на поголем број на ученици за да може да се задоволи заинтересираноста и волјата на учениците за изборните предмети.

Изработиле:
Џејљан Алији
Марија Џолева
Аршик Мифтари

## Постигнувања на учениците

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2.1. Постигнувања на учениците**

**2.2. Задржување / осипување на учениците**

**2.3. Повторување на учениците**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 2. | **Постигнувања на учениците** | | |
| 2.1. | **Постигнувања на учениците** | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Годишни извештаи по паралелки за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година од педагошко-психолошката служба;<br>• Годишен статистички извештај за средни училишта за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година;<br>• Главни книги за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година;<br>• Дневници на паралелка за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година;<br>• Записници од состаноци на активите;<br>• Главни книги за државна матура, завршен испит за четврт степен и трет степен;<br>• Главни книги за вонредни ученици;<br>• Досиеја на ученици;<br>• ИОП програми и портфолио за деца со посебни потреби, | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди | • Училиштето континуирано анализира податоци за постигnувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.<br>• Направена е детална анализа на постигнувањата на учениците за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година по наставни предмети, години, квалификации, како и јазикот на кој се следи наставата. (ПРИЛОГ 1)<br>• Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во учебната 2022/2023 година, може да се забележи следното:<br>  ◦ На ниво на целото училиште, највисок среден успех 5,00 е постигнат по предметите Форми на графички дизајн, Графичка монтажа, Подготовка и третирање на преранбени производи и Управување со отпад, додека најнизок успех 2,00 има постигнато по предметот Бизнис и претприемништво-изборен.<br>  ◦ Во прва година највисок успех од 4,74 има постигнато по предметот  Основи на графички дизајн, а најнизок успех од 2,74 по предметот Основи на здравството.<br>  ◦ Во втора година највисок успех од 4,67 има постигнато по предметот Средства за графички дизајн, а најнизок успех од 2,33 по предметот Процесна техника.<br>  ◦ Во трета година највисок успех од 5,00 има постигнато по предметите Техничко уредување на публикации, Форми на графички дизајн, Векторска и растерска графика, Графичка монтажа, а најнизок успех од 2,33 по предметот Информатика-изборен. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Во четврта година највисок успех од 5,00 има постигнато по предметот Управување со отпад, а најнизок успех од 2,00 по предметот Бизнис и претприемништво-изборен.<br>• Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во учебната 2023/2024 година, може да се забележи следното: На ниво на целото училиште, највисок среден успех 5,00 е постигнат по стручните предметите од секторот Графичарство во сите години, додека најнизок успех 2,00 има постигнато по предметот Математика, Биологија и Операции и процеси во 2 година прехранбен техничар на албански наставен јазик.<br>• Во прва година највисок успех од 4,91 има постигнато по стручните предмети од секторот Графичарство, а најнизок успех од 2,54 по предметот Биологија.<br>• Во втора година највисок успех од 5,00 има постигнато по предметот Средства за графички дизајн, а најнизок успех од 2,40 по предметот Микробиологија на храна со санитација.<br>• Во трета година највисок успех од 5,00 има постигнато по стручните предметите од секторот Графичарство, а најнизок успех од 2,59 по предметот Физика.<br>• Во четврта година највисок успех од 5,00 има постигнато по стручните предмети од секторот Графичарство, а најнизок успех од 2,67 по предметот Математика.<br><br>• Според постигнатиот успех на учениците по квалификации, години и наставен јазик, за учебната 2022/23 година, се констатира:<br>• Според квалификациите застапени во училиштето, во сите учебни години највисок успех од 4,28 до 4,78 имаат постигнато учениците од секторот Графичарство, најнизок успех од 2,62 до 3,64 имаат постигнато учениците од секторот Хемија и технологија и на двата наставни јазици (Македонски и Албански), додека учениците од секторот |

| | | |
|---|---|---|
| | | Лични услуги имаат постигнувања од среден успех од 3,24 до 4,33, на Македонски, Албански и Турски наставен јазик.<br>• Највисок среден успех имаат постигнато учениците од 4 година 3,79, а средниот успех на ниво на целото училиште е 3,56.<br>• Според постигнатиот успех на учениците по квалификации, години и наставен јазик, за учебната 2023/24 година, се констатира:<br>• Според квалификациите застапени во училиштето, во сите учебни години највисок успех од 4,37 до 4,78 имаат постигнато учениците од секторот Графичарство, најнизок успех од 2,46 до 3,69 имаат учениците од секторот Хемија и технологија и на двата наставни јазици (Македонски и Албански), додека учениците од секторот Лични услуги имаат постигнувања од среден успех 3,17 – 4,03, на Македонски, Албански и Турски наставен јазик.<br>• Највисок среден успех имаат постигнато учениците од 4 година 3,84, а средниот успех на ниво на целото училиште е 3,69.<br>• Направена е и анализа на постигнатиот општ успех на учениците од каде се добиени следниве резултати:<br>• Од вкупно 249 ученици (161 девојчиња), 247 ја завршиле учебната 2022/2023 год. на Македонски наставен јазик, 139 со 3-годишно образование / 108 со 4-годишно образование, со одличен успех се 11 / 47, мн.добар 38 / 36, добар 73 / 22 и доволен 17 / 3 ученика и 2 ја повторувале годината.<br>• Од вкупно 191 ученици (65 девојчиња), ученици кои завршиле во учебната 2022/2023 год. на Албански наставен јазик, 102 со 3-годишно образование / 89 со 4-годишно образование, со одличен успех се 16 / 11, мн.добар 17 / 22, добар 51 / 33 и доволен 18 / 23 ученика .<br>• Од вкупно 12 ученици (5 девојчиња), ученици кои завршиле во учебната 2022/2023 год. на Турски наставен јазик, 12 со 3-годишно образование, 5 одлични, 2 многу добри, 3 добри и 2 доволни. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Од вкупно 448 ученици (234 девојчиња), 247 (151девојче) ја завршиле учебната 2023/2024 год на Македонски наставен јазик, 138 со 3-годишно образование / 111 со 4-годишно образование и 1 ученик со 3-годишно образование ја повторувал годината.<br>• Од вкупно 185 ученици (74 девојчиња), ученици кои завршиле во учебната 2023/2024 год. на Албански наставен јазик, 114 со 3-годишно образование / 71 со 4-годишно образование.<br>• Од вкупно 13 ученици (9 девојчиња), ученици кои завршиле во учебната 2023/2024 год. на Турски наставен јазик, сите 13 ученици се со 3-годишно образование. |
| | • Подобрување на постигнувањата на учениците | • Подобрувањето на постигањата на учениците се врши преку воведување на разни современи методи и техники на учење, активно учество на учениците во наставата и вонанставните активности, тимска работа во рамките на стручните активи, вклучување на надворешни лица од областа на здравството, културата, сообраќајот и.т.н. кои придонесуваат во проширување на знаењата и интересите на учениците. |
| | • Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој | • За работа со учениците со посебни образовни потреби во училиштето функционира тим за инклузивен развој, кој во соработка со предметните наставници, класните раководители и родителите врши идентификација на овие ученици, по потреба изготвува посебно изготвени планови и програми, ја следи работата и напредокот, како и постигнувањата. |
| | • Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | • Секој наставник освен за редовната настава има посебно изготвени планови и програми за реализација на додатна и дополнителна настава. Дополнителна настава се реализира во текот на наставната година и тоа за учениците кои покажуваат незадоволителни резултати по предметите. Со оние ученици кои имаат потешкотии во учењето се реализираат посебни часови за дополнителна настава по оние предмети за кои на ваквите ученици им е потребна дополнителна помош. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За надарени ученици и ученици кои покажуваат исклучителни резултати по одделни предмети се држи додатна настава. За успешно полагање на испитите од Државна матура и Завршен испит, како и испитите на вонредните ученици, се врши консултативна настава. |
| | • Следење на хоризонталното и на вертикалното движење | • Направена е анализа на успехот на учениците на 6 паралелки по случаен избор, од различни квалификации и јазик на кој се следи наставата. Следен е успехот на учениците од деветто одделение во учебната 2021/2022год, во прва година 2022/2023год, и во втора година 2023/2024 год. (ПРИЛОГ 2)<br>• При премин од 9-одделение во прва година средно образование не се забележува голема отстапка во успехот, освен кај паралелката од 4-степен Графички уредник дизајнер, од 3,95 во 9-то одделение, успехот на учениците во 1-година се зголемува на 4,30 а во 2-година на 4,38.Од секторот Хемија и технологија на македонски наставен јазик успехот од 9-одделение до 2-година се движи од 3,08 до 3,43. Од секторот Лични услуги, фризер на турски наставен јазик успехот се движи од 3,16 до 3,66.<br>• Во однос на вертикалната проодност на учениците (редовни и вонредни), направена е анализа за учебната 2022/2023 и добиени се следниве резултати:<br>• Државна матура положиле 35 ученици (22 редовни, од кои 10 на македонски наставен јазик и 12 на албански наставен јазик и 13 вонредни).<br>• Завршен испит за IV степен положиле 60 ученици (22 редовни, од кои 18 на македонски и 4 на албански наставен јазик и 38 вонредни, од кои 1 на албански наставен јазик). Без диплома останале 3 вонредни ученици<br>• Завршен испит за III степен заклучно со август 2023 год. положиле вкупно 96 ученици, 67 редовни (34 на македонски, 29 на албански и 4 на турски наставен јазик) и 29 вонредни (24 на македонски и 5 на албански наставен јазик). Без диплома останале 4 редовни (3 на македонски и 1 на |

| | | |
|---|---|---|
| | | албански наставен јазик) и 4 вонредни ученици (3 на македонски и 1 на албански наставен јазик).<br>• За учебната 2023/2024год. добиени се следниве резултати:<br>• Државна матура положиле 22 ученици (13 редовни, од кои 12 на македонски наставен јазик и 1 на албански наставен јазик и 9 вонредни).<br>• Завршен испит за IV степен положиле 49 ученици (20 редовни, од кои 10 на македонски и 10 на албански наставен јазик и 29 вонредни, од кои 1 на албански наставен јазик).<br>• Завршен испит за III степен полагаа вкупно 94 ученици, 82 редовни (46 на македонски, 32 на албански и 4 на турски наставен јазик) и 12 вонредни.<br>Овие податоци покажуваат дека е помал бројот на учениците кои го продолжуваат своето образование во високообразовните институции, а поголем на оние кои се вклучуваат на пазарот на трудот, каде се многу успешни во својата професија.<br>• Во нашето училиште се води грижа и им се нуди можност на редовните ученици кои завршуваат трет степен, понатаму да го продолжат своето школување како вонредни ученици со вертикална проодност во 4-степен од сродната квалификација или со полагање на дифернцијални испити во друга квалификација. Исто така на учениците кои поради различни причини им прекинува статусот на редовни, им се овозможува упис на вонредно школување во 3 и 4 степен соодветно.<br>• Како пример за заинтересираноста на учениците да го продолжат своето школување имаме податок дека во учебната 2022/2023 год. 143 ученици се запишаа вонредно во III и IV степен; а во 2023/2024 год. 105 ученици се запишаа вонредно во III и IV степен.<br>• При хоризонтална проодност училиштето овозможува премин од една во друга сродна квалификација или во несродна со полагање на диференцијални испити, за што одлука донесува наставничкиот совет по барање на ученикот/родителот; |

| | | |
|---|---|---|
| | • Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците | • Наставата во нашето училиште се изведува на три наставни јазици во јазично мешани групи. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и на другите етникуми во училиштето. Во училиштето се планираат и редовно се изведуваат активности (самостојни и заеднички) согласно со проектот за Мултиетничка интеграција во образованието, од страна на тимови од наставници, а учениците од различните етникуми со задоволство ги прифаќаат и учествуваат во овие МИО-активности, со целосна поддршка од родителите. |

| 2.2. Задржување / осипување на учениците | | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Годишен статистички извештај за средни училишта за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година;<br>• Статут на училиштето;<br>• Закон за средно образование;<br>• Записници од состаноци на активите;<br>• Преведници;<br>• Дневник за соработка на стручниот соработник со учениците | • Опфат на учениците | • Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.<br>• Има изградена политика за запишување и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (формирана училишна комисија, покани до родители, посети на семејства, посета на градинки, проверка на потврда за примени вакцини, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница, граѓански организации)<br>• Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и известува надлежни институции.<br>• Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.<br>• Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Редовност во наставата | • Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците и соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што се води уредна документација, известува надлежни институции, врши анализи на резултатите од советувањето и се следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br>• Во учебната 2022/2023 наставата ја следеле вкупно 452 ученици, а 2023/2024 година наставата ја следеле вкупно 448 ученици.<br>  • Вкупно во училиштето 2022/2023 се направени 34753 изостаноци (I година 14512, II година 10045, III година 7947, IV година 2249), од кои оправдани се 31859 (I година 13378, II година 9212, III година 7259, IV година 2010), а неоправдани се 2894 (I година 1134, II година 833, III година 688, IV година 239).<br>  • Во 2023/2024 се направени 34970 изостаноци (I година 12889, II година 9652, III година 10457, IV година 1975), од кои оправдани се 31832, (I година 11748, II година 8808, III година 9407, IV година 1869), а неоправдани се 3138 (I година1141, II година 844, III година 1047, IV година 106)<br>  • Во просек 2022/2023 по ученик се направени 77 изостаноци или 71 оправдани и 6 неоправдани изостаноци. Највисок број на изостаноци по ученик се направени во паралелка I12 прехранбен техничар на албански наставен јазик 147/14, во II3 фризер на македонски наставен јазик 136/7, во III3 Естетичар за нега на раце и нозе на македонски наставен јазик и во IV1 техничар за козметичка нега и убавина 71/6.<br>  • Во просек 2023/2024 по ученик се направени 78 изостаноци или 71 оправдани и 7 неоправдани изостаноци. Највисок број на изостаноци по ученик се направени во паралелка I6 фризер на турски наставен јазик 87/3, во II2 фризер на македонски наставен јазик 101/4, во III12 прехранбен техничар на албански наставен јазик 142/12 и во IV1 техничар за козметичка нега и убавина 62/1.<br>Овој податок укажува на проблем со редовноста на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училиштето континуирано се анализираат причините за изостаноците на учениците во соработка со родителите и психолошко-педагошката служба. За неоправданите изостаноци навремено се изрекуваат педагошки мерки. За оправдување на изостаноците се повикува родител и се потврдува болеста со лекарско оправдување. Двојната контрола на оправданите изостаноци има за цел да ја намали злоупотребата на невалидни лекарски оправдувања. |
| | • Осипување на учениците | • Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, паралелката и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности за да го намали осипувањето.<br>• Учениците поради различни причини се отпишуваат од училиштето.<br>  ◦ Во учебната 2022/2023 година вкупно се отпишале 31 ученици поради различни причини. Од нив 14 се македонци, 6 албанци и 11 роми.<br>  ◦ Од нив 23 ученици (11 македонци, 3 албанци и 9 роми) го смениле статусот од редовни во вонредни ученици, а 8 ученици (3 македонци, 3 албанци и 2 роми) се префрлиле во друго училиште со преведница.<br>  ◦ Во учебната 2023/2024 година вкупно се отпишале 83 ученици поради различни причини. Од нив 13 се македонци, 70 албанци .<br>  ◦ Од нив 59 ученици (8 македонци, 59 албанци) го смениле статусот од редовни во вонредни ученици, а 18 ученици (8 македонци и 10) се префрлиле во друго училиште со преведница и самоволно подигнале документи 6 ученика.<br>• Најголемо осипување на учениците има во прва година, поради големиот број на изостаноци и негативни оценки.<br>Анализирајќи ги причините за отпишување на учениците во прва година, дојдено е до заклучок дека овие ученици имаат |

| | | |
|---|---|---|
| | • Премин на ученици од едно училиште во друго | потреба од помош, како финансиска, така и за совладување на наставните содржини.<br>• Законот за задолжително средно образование во голема мерка придонесе за намалување на осипувањето на учениците во прва година во тековната 2022/2023 и 2023/2024 учебна година.<br>• Дискусиите на наставниците на состаноците на активите даваат слика дека се работи со ученици кои доаѓаат со слаба основа, слабо воспитание, социјално загрозени, на кои им овозможуваме да бидат згрижени во училиштето и да не останат на улица. Сите наставници се трудат да ги задржат учениците, наоѓаат модуси на работа, за да можат да одат учениците напред, да не се откажат од школувањето или да не ја повторуваат годината.<br><br>• Според законот за средно образование при премин на учениците од едно во друго училиште потребна е преведница. Кога доаѓаат ученици од други училишта во нашето училиште задолжително се разгледуваат податоците во преведницата, во однос на редовноста и потигнувањата на ученикот. Исто така, кога наш ученик се префрла во друго училиште во преведницата се запишуваат потребните податоци (изостаноци и оценки). |

| **2.3.** | **Повторување на учениците** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Годишен статистички извештај за средни училишта за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година<br>• Статут на училиштето;<br>• Закон за средно образование; | • Ученици кои не ја завршуваат годината /образованието | • Најголем број на ученици ја завршуваат годината. Во учебната 2022/2023 година само 2 ученика од 4-степен сектор Хемија и технологија ја повторувале годината.<br>• Во учебната 2023/2024 година само 1 ученик од 3-степен сектор Лични услуги, квалификација фризер ја повторувал годината. |

| | | |
|---|---|---|
| • Статут на училиштето<br>• Протокол за реагирање при сомневање за користење или поседување алкохол во училиштето<br>• Програма за работа на раководител на паралелка<br>• Записници од педагошко-психолошката служба<br>• Записници од одржани родителски средби<br>• Записници од одржани совети на паралелки<br>• Поединечни контакти со родителите<br>• Програма за работа на раководител на паралелка<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Заштита од пушење, алкохол и дрога | • Најстрого е забрането пушење (на видни места поставени се налепници за забрана за пушење), консумирање алкохол и наркотични средства, а при секое отстапување се постапува со соодветни педагошки мерки согласно Статутот на училиштето и протоколот за регирање при сомневање за користење или поседување алкохол во училиштето.<br>• Класните раководители посветуваат по неколку класни часови во текот на учебната година посветени на овие теми. Се одбележуваат и сите денови за борба против овие зависности на глобално ниво со соодветни предавања и реферати.<br>• Во поединечните контакти со родителите се укажува на забележани користења на овие супстанции, се вршат советувања со стручните служби (записници од средби родител-ученик-наставници-психолог) и се врши превенција од проширување на овие појави.<br>• Училиштето соработува со здравствени организации чии претставници - лекари доаѓаат во училиштето и им одржуваат предавања на учениците за штетните последици од пушењето, консумирањето алкохол и наркотични средства. |
| | • Квалитет на достапна храна | • Во училиштето нема организирана исхрана, но во близина на училиштето се наоѓаат продавници каде што учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | купуваат храна. Наставниците водат кампања за здрава исхрана на учениците. |
| | • Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост | • Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите и другите релевантни институции во обезбедувањето грижа за учениците со телесни пречки во развојот/физичка попреченост. Се поттикнува свеста на соучениците во давањето помош и грижа за овие ученици.<br>• Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има посебен тоалет достапен за нивна употреба.<br>• Училиштето соработува со родителите во обезбедување грижа за децата со пречки во развојот/физичка попреченост. |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Интервју со психологот на училиштето<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Грижа за ученици од социјално загрозени семејства | • Се организира хуманитарна помош од страна на наставниците за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.<br>• На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува особено внимателно со цел да не се повреди нивната личност, а кон истите се превземаат соодветни активности за санирање или ублажување на нивната состојба. За таа цел се организираат акции за хуманитарна помош во рамките на воннаставни активности. Се организираат посети на установи во кои се згрижени наши ученици (СОС – детско село и Домови за деца без родители) |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Училиштето соработува со центрите за социјална работа и активно е вклучено во проектите за финансиска поддршка на ученици и стипендирање на ученици од социјално загрозени семејства. |

| **4.2.** | **Здравје** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Увид во училишниот простор<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Куќен ред<br>• Записници од санитарна инспекција<br>• Систематски прегледи<br>• Извештаи од систематски прегледи<br>• Извештаи за вакцинација на учениците<br>• Санитарни книшки на вработените<br>• Потврда за извршено ДДД<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Хигиена и заштита од болести | • Хигиената во училиштето задоволува. Тоалетите за учениците и наставниците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Во секоја училница има корпа за отпадоци.<br>• Дворот на училиштето е чист, има корпи, а земјените површини се позеленети и редовно се одржуваат.<br>• Во соработка со здравствените домови се одржуваат предавања за превенција од заразни болести или епидемии.<br>• Учениците редовно се носат на систематски прегледи и се вакцинираат согласно календарот на Министерството за здравство.<br>• Наставниците редовно ги советуваат учениците за правилно одржување на личната хигиена. |
| • Годишна програма за работа на училиштето | • Грижа за учениците со здравствени проблеми | • Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или |

| | | |
|---|---|---|
| • Извештаи од систематски прегледи<br>• Извештаи за вакцинација на учениците<br>• Записници од совет на паралелка<br>• Записници од наставнички совет<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | | посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава.<br>• Млади бремени девојки или ученици со здравствени проблеми се охрабруваат да продолжат со образованието преку упатување на испит на годината, дополнителна настава  и префрлување како вонредни ученици.<br>• Наставниците постапуваат согласно медицинските препораки (доколку е препораката да не вежбаат на часовите по физичко воспитание се постапува по неа). |

| 4.3. | Советодавна  помош при натамошно образование на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Флаери, постери од образовни институции<br>• Записници од родителски средби<br>• Увид во графичката работил-ница<br>• Увид во училишниот салон за козметика и фризерство<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување | • Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел се користат промотивни материјали на образовните институции и се врши посета на саеми на образование и соодветни образовни институции.<br>• Во училиштето работи центарот за кариера каде учениците добиваат помош за изработка на кратка биографија, подготовка на интервју за работа  итн.<br>• Се врши редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на стручните служби.<br>• Училиштето им нуди можности за добро организирана практична работа и феријална практика; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Постои соработка помеѓу училиштето и занаетчиската комора на Р.Македонија и индиректна соработка со комората на Р. Хрватска (преку занаетчиска комора на Р.Македонија). |
| • Интервју со наставници<br>• Интервју со психолог<br>• Интервју со помошник директор<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Грижа за учениците со емоционални потешкотии | • Наставниците, особено класните раководители се првите кои ги откриваат емоционалните проблеми на учениците и се грижат за тие ученици со посебно внимание и ги упатуваат кон соодветни стручни служби.<br>• Во зависност од потребата, а на барање на одреден ученик или класен раководител кој ќе забележи ученик со емоционални проблеми се закажуваат и се водат индивидуални разговори помеѓу психологот и ученикот, психологот и родителите, психолог-родители-ученик.<br>• Се водат и индивидуални разговори помеѓу ученик и директор или помошник директор на училиштето со цел обезбедување соодветна помош на ученикот со емоционални проблеми и негово упатување до соодветна институција ако тоа е потребно. |

| **4.4.** | **Следење на напредокот** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Разгледување на педагошка евиденција и документација (Дневници на паралелки, евидентни листови и сл.)<br>• Записници од родителски средби<br>• Досие на ученик | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците | • Наставниците водат целосна и уредна документација за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој.<br>• Изборот на најдобар ученик се врши на предлог на класниот раководител, а го усвојува советот на паралелки и наставничкиот совет со цел да се стимулира напредокот |

| | | |
|---|---|---|
| • Записник од совет на пара-лелки за избор на најдобар ученик<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | | и амбицијата на учениците за подобар успех во текот на нивното образование. |
| • Записници од совети на паралелка<br>• Записници од наставнички совет<br>• Записници од разговори со психологот<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Анализа на напредокот на учениците по паралелки | • Наставниците подготвуваат извештаи за секој квартал (тромесечие) од учебната година со податоци за успехот на учениците, изостаноци - оправдани и неоправдани како и изречени педагошки мерки и по истите се дискутира за превземање на соодветни мерки за подобрување на успехот и поведението на учениците.<br>• Извештаите се достапни за сите наставници, стручни и раководни служби и родителите, а на барање на учениците и за самите ученици. |

| **Методи кои се користени** | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Маја Денковска<br>Слаѓана Јаневска<br>Аида Даут | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 121 ученици од сите образовни години (70 македонци, 45 албанци, 6 турци; 48 машки и 72 женски). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***„Учениците, наставниците и сите вработени се заштитени и безбедни во училиштето и училишниот двор“*** одговориле: 73,55% се согласувам, 19,01% делумно се согласувам, 7,44% не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето ***„Наставниците имаат разбирање за физичките и емоционалните потреби на учениците“*** одговориле: 58,68% се согласувам, 28,45% делумно се согласувам, 14,88% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето строго се почитува забраната за пушење, консумирање на алкохол и наркотични средства“*** одговориле: 71,07% се согласувам, 21,49% делумно се согласувам, 7,44% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„За време на одморот учениците имаат доволно време да купат и консумираат оброк, а достапната храна е квалитетна и со пристапни цени“*** одговориле: 28,93% се согласувам, 28,10% делумно се согласувам, 42,98% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Хигиената во училиштето и училишниот двор се одржува постојано“*** одговориле: 65,29% се согласувам, 24,79% делумно се согласувам, 9,92% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето се организираат предавања и дебати за хигиена, превенција од заразни болести и психичко и физичко насилство“*** одговориле: 60,33% се согласувам, 25,62% делумно се согласувам, 14,05% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Учениците имаат можност да добијат информации и советодавна помош за понатамошно образование, доусовршување или вработување“*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговориле: 68,60% се согласувам, 24,79% делумно се согласувам, 6,61% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Инфраструктурата во училиштето, информатичката технологија, машините и инструментите се доволно безбедни за употреба“*** одговориле: 59,50% се согласувам, 32,23% делумно се согласувам, 8,26% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„На учениците им се обезбедува помош при несреќни случаи или здравствени проблеми од страна на стручниот и наставничкиот кадар во училиштето“*** одговориле: 70,25% се согласувам, 22,31% делумно се согласувам, 7,44% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето е организирана современа практична настава за развивање на вештини важни за конкурентноста на пазарот на трудот“*** одговориле: 71,07% се согласувам, 19,01% делумно се согласувам, 9,92% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето превзема мерки за заштита на учениците од секаков вид на насилство (психичко, физичко или сексуално)“*** одговориле: 64,46% се согласувам, 21,49% делумно се согласувам, 14,05% не се согласувам.<br>На прашањето ***„Следењето на напредокот и постигањата на учениците во училиштето се одвива континуирано во текот на наставната година“*** одговориле: 76,86% се согласувам, 16,53% делумно се согласувам, 6,61% не се согласувам. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
| --- | --- | --- |
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Маја Денковска<br>Слаѓана Јаневска<br>Аида Даут | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 86 родители (50 македонци, 30 албанци, 6 турци; 36 машки и 50 женски). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***„Вашето дете се чувствува сигурно и безбедно во училиштето“*** одговориле: 65,12% се согласувам, 27,91% делумно се согласувам, 6,98% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Како родител имам слобода и право да побарам поддршка од училиштето доколку моето дете се соочува со некакви емоционални, физички или социјални потешкотии“*** одговориле: 68,60% се согласувам, 25,59% делумно се согласувам, 5,81% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Стручните служби во училиштето се грижат за потребите на учениците од социјално загрозените семејства“*** одговориле: 75,58% се согласувам, 18,60% делумно се согласувам, 5,81% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето учениците се информираат за штетноста по нивното здравје од консумирање на цигари, алкохол и други наркотични*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***средства“*** одговориле: 77,91% се согласувам, 12,79% делумно се согласувам, 9,30% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Моето дете има можност во училиштето да учествува во организирани дебати, предавања и работилници на тема здравје и други актуелни теми“*** одговориле: 62,79% се согласувам, 29,07% делумно се согласувам, 8,14% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Родителите знаат кому во училиштето да се обратат доколку им е потребна одредена помош или совет за нивното дете“*** одговориле: 74,42% се согласувам, 20,93% делумно се согласувам, 4,65% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето се грижи за учениците кои подолго време отсуствуваат од настава“*** одговориле: 76,74% се согласувам, 19,77% делумно се согласувам, 3,49% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето се води јасна и редовна евиденција за присуството на учениците во наставата“*** одговориле: 77,91% се согласувам, 17,44% делумно се согласувам, 4,65% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Постои соработка меѓу училиштето и родителите во врска со напредокот на учениците“*** одговориле: 74,42% се согласувам, 23,26% делумно се согласувам, 2,33% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Учениците со пречки во развој/физичка попреченост се прифатени од*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***соучениците, вработените во училиштето, инклузивниот тим и родителите на другите ученици“*** одговориле: 81,40% се согласувам, 15,12% делумно се согласувам, 3,49% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Учениците имаат можност да добијат информации и советодавна помош за понатамошно образование, доусовршување или вработување“*** одговориле: 84,88% се согласувам, 11,63% делумно се согласувам, 3,49% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето е организирана современа практична настава за развивање на вештини важни за конкурентноста на пазарот на трудот“*** одговориле: 74,42% се согласувам, 13,95% делумно се согласувам, 11,63% не се согласувам. |

| **Методи кои се користени** | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| • **Анкета за наставници** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Маја Денковска<br>Слаѓана Јаневска<br>Аида Даут | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 50 наставници (32 македонци, 17 албанци, 1 турци; 19 машки и 31 женски). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***„Учениците, наставниците и сите вработени се заштитени и безбедни во училиштето и училишниот двор“*** одговориле: 76,00% |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согласувам, 24,00% делумно се согласувам, 0,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето строго се почитува забраната за пушење, консумирање алкохол и наркотични средства“*** одговориле: 82,00% се согласувам, 12,00% делумно се согласувам, 6,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Учениците со пречки во развој/физичка попреченост се прифатени од соучениците, вработените во училиштето, инклузивниот тим и родителите на другите ученици“*** одговориле: 86,00% се согласувам, 14,00% делумно се согласувам, 0,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Хигиената во училиштето и училишниот двор се одржува постојано“*** одговориле: 88,00% се согласувам, 12,00% делумно се согласувам, 0,000% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„На учениците им се обезбедува помош при несреќни случаи или здравствени проблеми од страна на стручниот и наставничкиот кадар во училиштето“*** одговориле: 90,00% се согласувам, 10,00% делумно се согласувам, 0,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Наставниците водат целосна и редовна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците“*** одговориле: 76,00% се согласувам, 18,00% делумно се согласувам, 6,00% не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето ***„Стручната служба им помага на учениците со емоционални тешкотии и води грижа тие да се прилагодат на училишната средина“*** одговориле: 88,00% се согласувам, 12,00% делумно се согласувам, 0,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Постои соработка помеѓу училиштето и родителите во врска со постигањата на учениците“*** одговориле: 64,00% се согласувам, 34,00% делумно се согласувам, 2,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето е организирана современа практична обука за развивање на вештини важни за конкурентноста на пазарот на трудот“*** одговориле: 72,00% се согласувам, 24,00% делумно се согласувам, 4,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во нашето училиште сите ученици без разлика на пол, социјален статус, како и ученици со посебни образовни потреби, имаат подеднакви права и одговорности“*** одговориле: 80,00% се согласувам, 18,00% делумно се согласувам, 2,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Доколку учениците забележат било каква форма на злоупотреба на туѓите или личните права во секое време имаат кому да се обратат во училиштето“*** одговориле: 82,00% се согласувам, 16,00% делумно се согласувам, 2,00% не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето ***„Во училиштето сите наставници и стручни служби редовно соработуваат со родителите на учениците“*** одговориле: 78,00% се согласувам, 18,00% делумно се согласувам, 4,00% не се согласувам. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава;
- Во училиштето обезбеден е пристап за учениците со физичка попреченост;
- Постои соработка помеѓу наставниците, стручните служби, родителите и учениците;
- Организирана практична настава за учениците од сите струки и профили;
- Подеднаква поддршка на сите ученици без разлика на пол, националност, верска припадност или ученици со посебни образовни потреби;
- Грижата за учениците со емоционални потешкотии и социјални проблеми од страна на стручните служби и наставниците е на високо ниво;
- Во училиштето редовно се одржуваат активности за превенција од секаков вид на насилство (психичко, физичко или сексуално) и заштита од пороците на денешницата (пушење, алкохол и дрога);
- Училиштето има добра соработка со локалната заедница, здравствените домови и МВР;
- Редовно следење на успехот, поведението, редовноста и напредокот на учениците;
- Во училиштето редовно се организираат систематски прегледи за учениците и вработените.

**Слаби страни**

- Нема организирана исхрана и контрола на квалитет на храната што се нуди во околина на училиштето;
- Наставниците не се доволно обучени за работа со ученици со посебни образовни потреби;
- Организирање почести дебати на тема: здравје и ненасилна разработка на конфликти од страна на стручни лица;
- Мал број просторни капацитети за слободни активности, воннаставни активности, додатна и дополнителна настава;
- Во инклузивниот тим недостасуваат стручни лица (дефектолог, логопед) кои би им помогнале на наставниците при адаптацијата на наставните програми (ИОП).

**Анализа на резултатите:**

Од направената анализа може да се констатира дека:

- Училиштето е безбедно за изведување на настава. Учениците и наставниците се придржуваат кон куќниот ред на училиштето. Инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, прозори, струјни места и др.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училиштето има вработени со вештини за давање на прва помош при несреќни случаи, но има потреба од дополнителна обука.
- Има протоколи за постапување во случај на елементарни непогоди, но досега не се изведени симулации.
- Реалирањето на практичната настава е секогаш под надзор на одговорниот наставник. Наставниците по медицински предмети и биологија во училиштето се обучени за давање на прва помош, а дел од вработените за ПП заштита. Освен овие обуки редовно се реализираат обуките за безбедност и здравје при работа. Потреба од дополнителна обука се јавува кај нововработениот кадар.
- Во училиштето со статутот се дефинирани сите облици на насилство кои се забранети и предвидени се мерки за справување со евентуална појава на физичко или психичко насилство. Потребно е почесто да се организираат дебати и други манифестации за превентивно делување во случај на конфликти помеѓу учениците во училиштето
- Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и наркотични средства или нивна дистрибуција, соработува со локалната заедница и службата на МВР за справување при евентуални појави од овој вид. Училиштето има пишан документ – протокол за реагирање при сомневање за користење на овие супстанци.
- Кодексот на однесување на учениците е поставен на видно место во училиштето, во него се дефинирани сите облици на однесување и сите форми на психичко и физичко насилство. Влегувањата и излегувањата на учениците во училиштето и училишниот двор се

контролирани од страна на службата за безбедност и дежурните наставници. Учениците поминуваат низ редовни едукации од страна на здравствени организации.

- Училиштето нема организирана исхрана и контрола на квалитетот на храната која се нуди во околината, но се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.
- Во училиштето се води грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост, преку поттикнување на соучениците и наставниците за давање помош во наставните и воннаставните активности. Просторните можности се соодветни за ученици со пречки во развојот/физичка попреченост и во училиштето постои посебен тоалет и посебен пристап за нив. Во училиштето има ученици со пречки во развојот/физичка попреченост и тие непречено се движат низ училниците и ходниците.
- Со особено внимание се пристапува кон учениците од социјално загрозените семејства. За нив во училиштето се организираат хуманитарни акции. Училиштето нема социолог, но во училиштето активно се соработува на ова поле затоа што има голем број на ученици со социјални проблеми во семејството.
- Хигиената во училиштето е на задоволително ниво, повеќе пати во текот на денот се чистат ходниците, училниците и тоалетите. Редовно се спроведува ДДД на училишната зграда и санитарни прегледи на вработените согласно позитивните законски норми. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Се одржуваат предавања за превенција од заразни болести.
- Училиштето соработува со Здравствениот дом и сите ученици се редовно вакцинирани и систематски прегледани. За учениците се организираат санитарни прегледи. Учениците се информираат редовно од страна на наставниците за заразните болести и превенција од нив. Доколку е воочен здравствен проблем кај одредени ученици, училиштето целосно ги почитува медицинските препораки. По потреба учениците кои неможат да бидат оценети се упатуваат на испит на годината, а класниот раководител при тие случаи редовно и навремено соработува со ученикот, родителите и стручните служби на училиштето и го следи напредокот на учениците.
- Училиштето им обезбедува на учениците информации за нивно понатамошно образование, доусовршување или вработување. Преку промотивни материјали, посета на образовни институции и саеми на образованието, училиштето им нуди на учениците, јасни, точни и навремени информации. Исто така им нуди помош при изработка на биографија, подготовка на интервју за работа и добро организирана практична работа. Училиштето соработува со занаетчиската комора на Р.Македонија преку кои е организирана практичната настава за учениците кај работодавачите.
- Училиштето има договорени процедури за грижа за ученици со емоционални проблеми за чие спроведување се грижи стручна служба – психолог, како и директор, помошници директори, класни раководители, предметни наставници. Има соработка со здравствени установи, центар за социјална работа и други установи ако се забележи потреба од таков вид на помош за учениците.
- Наставниците во училиштето водат целосна и уредна документација за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Родителите редовно се информираат за успехот и поведението

на учениците од класните раководители или од е-дневникот. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците кои се направени од страна на наставниците и стручните служби. Постои соработка на највисоко ниво помеѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците, родителите и учениците.

- Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка, а одговорните на совет на паралелки подготвуваат извештаи за редовноста, успехот и педагошките мерки до Наставничкиот совет што се одржува редовно и по потреба. Анализите и извештаите се целосно достапни за сите наставници, стручни служби, раководен кадар, родители и ученици и се користат за подобрување на воспитно – образовниот процес.
- Избор на најдобар ученик се врши според Правилникот за избор на ученик на генерација на СУГС “Димитар Влахов” каде се содржани условите, критериумите и елементите кои се рангираат и кои треба да ги исполнат предложените ученици од завршните класови.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Организирање обуки на вработените за давање на прва помош и справување со елементарни непогоди како и обуки за професионален развој на наставниците;
- Обуки на наставниците за работа со ученици со пречки во развојот/физичка попреченост и комплетирање на инклузивниот тим (со дефектолог, логопед) за обезбедување на добро адаптирани ИОП (инклузивни образовни програми);
- Соработка со локалната заедница за организирање трибини за проблемите на младите (емоционални и социјални) како и за превенција од зависности и различни облици на насилство;
- Адаптација и обезбедување просторни капацитети за изведување на слободни ученички активности, воннаставни активности, дополнителна и додатна настава.

Изработиле:

Маја Денковска
Слаѓана Јаневска
Аида Даут

## Училишна клима и односи во училиштето

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2. Промовирање на постигнувањата**

**5.3. Еднаквост и правичност**

**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 5. | Училишна клима | | |
| 5.1. | Училишна клима и односи во училиштето | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Закон за средно образование<br>• Годишни програми на активи<br>• Статут на училиштето<br>• Анкетни прашалници | • Углед/имиџ на училиштето | • Училиштето Димитар Влахов со својата стручна едукација на кадри од различни струки го прави мошне атрактивно, бидејќи на учениците им овозможува да се оспособат за понатамошна работа и да си обезбедат егзистенција. Училиштето се истакнува со постигањата на учениците во наставата и вонаставните активности (спорт, натпревари...). Исто така, училиштето нуди дошколување на ученици од нашето училиште, кои завршиле средно образование со тригодишно траење и продолжуваат во средно образование во четврт степен од ист или сроден наставен план, како и на ученици од други училишта кои можат вонредно да се дошколуваат или воопшто да изучат друг образовен профил. Наставниците преку своите годишни програми на активите, со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.Нашата мисија е со квалитет до успех кој настојуваме да го постигнеме градејќи добри меѓусебни односи на секое поле, истакнувајќи ја соработката, креативноста и компетенциите. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот и се труди |

| | | |
|---|---|---|
| | | за зајакнување на партиципацијата на учениците, родителите и заедницате во училишниот живот. |
| • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето | • Кодекс на однесување | • Со Кодексот на однесување се поставени принципите, правилата и обврските на однесување на сите структури во училиштето. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување кои се пропишани со кодексот и истите процедури ги спроведува во пракса. |
| • Анкетни прашалници<br>• Стручна служба | • Училишна клима | • Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и сите структури кои се вклучени во воспитно-образовниот процес што се изразува со тимска работа која придонесува за постоење на добра атмосфера во училиштето. Не постојат докази за нарушени односи меѓу поединци. Раководниот и наставниот кадар настојуваат да одржат добра атмосфера во училиштето.Во училиштето постои взаемно почитување и доверба меѓу учениците од различен пол, етничка припадност и различни способности, како и неподеленост на учениците врз база на социјален статус.Вработените настојуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Над % од анкетираните родители, наставници и ученици (без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и потекло) се изјасниле дека постои објективен и непристрастен однос со учениците, се чувствуваат меѓусебно прифатени и меѓусебе се почитуваат без разлика на полот, пречки во умствениот и физичкиот развој и етничката припадност. |

| | | |
|---|---|---|
| • Закон за средно образование<br>• Кодекс на однесување<br>• Куќен ред<br>• Годишни анализи за успех и поведение<br>• Евиденција за изрекување на педагошки мерки<br>• Анкетни прашалници | • Поведение и дисциплина во училиштето | • Дисциплината на учениците главно задоволува. Работната атмосфера за време на наставата е на задоволувачко ниво. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос со редовноста и дисциплината, а исто така се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и часовите преку дежурства. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки и води политика на навремено справување со несоодветното однесување на учениците. Според бројот на изостаноци во учебна 2022/23. Оправдани 31541, неоправдани 3244, вкупно 34785. Во учебната 2023/2024 год. направени се вкупно 34970 од кои 31832 оправдани и 3138 неоправдани изостаноци. Просечно секој ученик направил 78 изостаноци. |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Соопштенија | • Учество на учениците во донесување одлуки и решавање проблеми | • Учениците преку Ученичката заедница која има свој План за работа, планираат, организираат и учествуваат во активностите што се од нивен интерес. Навремено се информирани и придонесуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес. |

| 5.2. | Промовирање на постигнувањата | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Годишни програми на активите<br>• Пофалници, пехари, добиени награди | • Промовирање на личните постигнувања на учениците | • Училиштето става голем акцент на постигнувања на учениците. Наставниот кадар успешно ја организира средината на учење со поставување на јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците исто така имаат високи очекувања од самите себе и од другите, имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиште и на националните оценувања. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на лични постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во повисока локална средина. Учениците имаат можности да ги изразат својте креативни потенцијали во наставата и воннставните активности. |
| | • Промовирање на постигнувањата во име на училиштето | • Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех. Училиштето има изработено критериуми за избор на ученик на генерацијата во |

| | | |
|---|---|---|
| | | завршните години, но не се опфатени и учениците од незавршните години. Признанијата се истакнати на видно место во училиштето. Училиштето има политика на потикнување на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално,регионално и национално ниво нонема развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кој го помогнале во тоа. |

| 5.3. | Еднаквост и правичност | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Закон за СО<br>• Статут на училиштето | • Познавање и практикување на правата на децата | • Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Родителите се запознаени со правата на децата, а исто така преку одборот на родители дејствуваат доколку дојде до нарушување на истите. |
| • Закон за СО<br>• Статут на училиштето<br>• Анкетни прашалници | • Еднаков и правичен третман на сите ученици | • Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од етничката припадност, полот, социјалното потекло.Училиштето постојано работи на создавање позитивна клима ,преку реализација на програмата Образование за животни вештини каде се обработуваат содржини на тема еднаквост и правичност на сите ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкетни прашалници<br>• Дневник за работа на стручната служба | • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како вредности од највисок ред и води политика на позитивно вреднување на етничката, културната, верската и јазичната разноликост.<br><br>• Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Наставата во нашето училиште се изведува на три наставни јазици во јазично мешани групи. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата на другите етнички заедници.без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.<br>Во училиштето се планираат и изведуваат активности (самостојни и заеднички) согласно со проектот за Мултиетничка интеграција во образованието. Учениците од различните етникуми со задоволство ги прифаќаат и учествуваат во овие МИО-активности, со целосна поддршка од родителите. |

| 5.4. | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Програма за работа на Управниот одбор<br>• Записници од советот на родители<br>• Записници од родителски средби<br>• Анкетни прашалници | • Соработка на училиштето со родителите | • Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања. Родителите на ниво на паралелка, преку Советот на родители и преку своите членови во Управниот одбор ги следат тековните прашања и проблеми на училиштето и учествуваат во нивно решавање со свои мислења, видувања и предлози.Комуникацијата со родителите е најразлична и прилагодена е на можностите на родителите: организирање на родителски средби и приемни денови, телефонски јавувања, комуникација преку пошта и информатичката технологија (е-дневник). Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа и ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во истата. Родителите се задоволни од соработката со училиштето и имаат слободен пристап во училиштето за да ги добијат потребните информации. |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Извештаи за работа/соработка | • Соработка со општината и урбаната заедница | • Согласно со законските одредби училиштето остварува соработка со локалната заедница преку меѓусебни контакти, обуки, семинари, организирање и учество на настани од заеднички интерес. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Училиштето соработува со: Здравствен дом, Домовите во кои престојуваат наши ученици, Домови за деца без родители, Центарот за социјални |

| | | |
|---|---|---|
| • Годишна програма на училиштето<br>• Договор со деловната заедница<br>• Програми на активите<br>• Извештаи од наставниците по практична настава<br>• Записници од стручна служба | • Соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор | работи, Полициска станица-Аеродром, Агенција за обезбедување и др. Учениците се вклучени во разни хуманитарни работи преку Црвен крст- Даре Џамбаз. Постои соработка со МОН и БРО.<br><br>• Постои соработка со Занаетчиската комора, Графички компании (фирми), Фирми од прехранбената индустрија, Фризерско-козметички салони и др. Оваа соработка е со цел да се обезбеди практично оспособување (доусовршување) на нашите ученици, нивно директно вклучување во процесот на работа, а со тоа и можност за нивно идно вработување.<br>• Училиштето има потпишано договори со стопански субјекти во кои учениците реализираат практична настава. Повремено се појавуваат потешкотии при сместување на сите ученици на практична настава во реален процес, особено во Личните услуги. Училиштето соработува и со невладините организации: ХЕРА, ХЕПТА, МИА со кои постојат добри практики во досегашната работа. |

| **Методи кои се користени** | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Афрдита Р. Лита<br>Валбона Кадриу<br>Теодора Донакова | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 121 ученици од сите образовни години (70 македонци, 45 албанци, 6 турци; 48 машки и 72 женски). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***„Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот“*** одговориле: 67,80% се согласувам, 27,30% делумно се согласувам, 4,90% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Учениците го почитуваат кодексот на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите)“*** одговориле: 54,50% се согласувам, 36,40% делумно се согласувам, 9,10% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Сите ученици (без оглед на способностите, родот етничката припадност, верата и социјалниот статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето“*** одговориле: 56,20% се согласувам, 38,10% делумно се согласувам, 5,70% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Учениците учествуваат во донесувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив“*** одговориле: 61,30% се согласувам, 29,80% делумно се согласувам, 8,90% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето ги промовира личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина“*** одговориле: 61,20% - се согласувам, 28,90% делумно се согласувам, 9,90% не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето ***„Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето“*** одговориле: 69,40% се согласувам, 19,80% делумно се согласувам, 10,80% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Вработените покажуваат грижа и почит кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите“*** одговориле: 69,40% - се согласувам, 24,80% делумно се согласувам, 5,80% не се согласувам. |
| **Методи кои се користени** | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Афрдита Р. Лита<br>Валбона Кадриу<br>Теодора Донакова | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 86 родители (50 македонци, 30 албанци, 6 турци; 36 машки и 50 женски). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***„Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот“*** одговориле: 58,10% се согласувам, 24,40% делумно се согласувам, 17,50% не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето: ***„Во училиштето се почитува кодексот на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите)“*** одговориле: 58,10% се согласувам, 26,70% делумно се согласувам, 15,20% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивиду-ални и заеднички родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање“*** одговориле: 61,60% се согласувам, 21,90% делумно се согласувам, 16,50% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни“*** одговориле: 67,40% се согласувам, 12,80% делумно се согласувам, 19,80% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Во училиштето се организираат заеднички наставни и/или воннаставни активности на ученици со различна етничка припадност, со сите можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците“*** одговориле: 67,40% се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласувам, 18,60% делуимно се согласувам, 14,00% не се согласувам. |
| **Методи кои се користени** | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| • **Анкета за наставници** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Афрдита Р. Лита<br>Валбона Кадриу<br>Теодора Донакова | По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 50 наставници (32 македонци, 17 албанци, 1 турци; 19 машки и 31 женски). Добиени се следните резултати:<br><br>На прашањето ***„Вработените го почитуваат кодексот на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно- техничкиот персонал, учениците и родителите)“*** одговориле: 78,00% се согласувам, 16,00% делумно се согласувам, 6,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето организира работилиници со цел запознавање со правата на децата и има изградено систем за остварувањена целите од наставницте програми поврзани со правата на децата***“ одговориле: 56,00% се согласувам, 42,00% делумно се согласувам и 2,00% се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето ***„Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето“*** одговориле: 52,00% се согласувам, 42,00% делумно се согласувам, 6,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите“*** одговориле: 78,00% се согласувам, 18,00% делумно се согласувам, 4,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените“*** одговориле: 84,00% се согласувам, 61,00% делумно се согласувам, 0,00% не се согласувам.<br><br>На прашањето ***„Училиштето промовира граѓански активизам и волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата преку наставни и воннаставни активности“*** одговориле: 84,00% се согласувам, 14,00% делумно се согласувам, 2,00% не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето ***„Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување на заеднички проекти поттикнати од двете страни“*** одговориле: 76,00% се согласувам, 24,00% делумно се согласувам, 0,00% не се согласувам. |

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Училиштето работи на остварување на мисијата и визијата предвидени во Годишната програма;<br>• Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците;;<br>• Училиштето има изготвено куќен ред и кодекс на однесување, со кој се поставени правила на однесување на сите структури во училиштето;<br>• Во училиштето постои еднакво и правично однесување со сите ученици независно од нивната воздраст, пол, способности, верска и етничка припадност;<br>• Учениците своите способности и интереси ги изразуваат во воннаставните активности;<br>• Вработените во училиштето ги познаваат и ги почитуваат правата на децата;<br>• Во училиштето постои соработка со родителите преку Советот на родители, кои учествуваат во решавање на проблемите и активностите кои се финансираат од родителите;;<br>• Училиштето остварува соработка со деловната заедница преку практичната настава, МОН, БРО, невладиниот сектор, локалната заедница; |

| |
|---|
| • Учениците партиципираат со своето демократско учество во донесување одлуки и во активности кои се од нивен непосреден интерес;<br>• Во училиштето се реализираат заеднички наставни и воннаставни активности на учениците од различни етникуми. |
| **Слаби страни**<br>• Организирање на работилници со учениците, родителите и локалната заедница со цел запознавање на нивните права. |

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
